**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДЕВЕТТАТА седница на
## Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 25.04.2018 година

**СКОПЈЕ, АПРИЛ 2018 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Деветтата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 25.04.2018 година**

Седницата започна во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставник од ПС од ОН "Гази Баба" - Скопје и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за изменување и дополнување на дневниот ред согласно извештаите од седниците на статутарно-правната комисија и комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина.

Согласно извештајот од работата на седницата на статутарно-правната комисија, бр.09-1761/1 од 23.04.2018 година точките **2, 8 и 15** од предложениот дневен ред за работата на денешната седница на Советот беа повлечени од причините наведени во извештајот, односно точките 2 и 8 поради **неусогласен став на советничките групи** а точката 15 поради **недоставен работен материјал** до стручната служба односно до членовите на Советот. Овие точки не беа дел од дневниот ред за работата на седницата на работното тело и по нив не се расправаше.

На седницата на комисијата беше предложено и усвоено **дополнување** на дневниот ред со следната точка:

- Предлог - Одлука за отпочнување на постапка за воспоставување на видео надзор и обезбедување на видео записи од седниците на Советот на Општина Гази Баба.

Согласно извештајот од работата на седницата на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-1765/1 од 24.04.2018 година, **точката 2** од предложениот дневен ред за работата на денешната седница на Советот беше повлечена од причините наведени во извештајот, односно поради **неусогласен став на советничките групи**.

На седницата беше предложено и усвоено **да не биде прифатен** предлогот за **дополнување** на дневниот ред со следната точка:

- Предлог - Одлука за изменување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух.

Претседател на Совет **ја повлече** точка 15 од предложениот дневен ред.

Предлогот за повлекување на **точка 2** од предложенот дневен ред за работата на седницата на Советот, го стави на гласање.

Предлогот беше прифатен со **15 гласа "ЗА" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Предлогот за повлекување на **точка 8** од предложенот дневен ред за работата на седницата на Советот, го стави на гласање.

Предлогот беше прифатен со **14 гласа "ЗА" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Во предложениот дневен ред точките "3", "4", "5", "6" и "7" стануваат точки "2" "3", "4", "5" и "6" а точките "9", "10", "11", "12" "13" и "14" стануваат точки "7" , "8", "9", "10", "11", и "12".

Предлогот за **дополнување** на дневниот ред со следната точка:

- Предлог - Одлука за отпочнување на постапка за воспоставување на видео надзор и обезбедување на видео записи од седниците на Советот на Општина Гази Баба.

Го стави на гласање.

Предлогот беше прифатен со **24 гласа "ЗА"**.

Предлог-Одлуката е **точка 13** од предложениот дневен ред.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со следната точка:

- Предлог - Одлука за изменување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух.
  Го стави на гласање.

Предлогот не беше прифатен со **10 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"** .

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата со **14 гласа "ЗА" и 10 гласа "ПРОТИВ"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба" - Скопје, за втората половина од 2017 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје;
6. Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје;
7. Предлог - Одлука за прогласување на ерозивни подрачја и подрајча загрозени од ерозија во Општина Гази Баба;
8. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје;
9. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година;
10. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
11. Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
12. Предлог - Програма за изменување на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година; и
13. Предлог - Одлука за отпочнување на постапка за воспоставување на видео надзор и обезбедување на видео записи од седниците на Советот на Општина Гази Баба.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба" - Скопје, за втората половина од 2017 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.04.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе (да не ги донесе) следните материјали:

- Предлог - Заклучок за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба" - Скопје, за втората половина од 2017 година (се предлага да не се донесе);
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје;
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година; и
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Пред да започнеме со раправа по однос на оваа точка, го молам присутниот претставник од ПС од ОН "Гази Баба" - Скопје да се претстави пред Советот, за да знаеме со кого дискутираме по однос на оваа точка.

Помошник командир во ПС од ОН "Гази Баба" - Скопје - **Игор Ристов**:

Се претстави пред Советот на Општина Гази Баба и истакна дека на оваа функција е веќе 5 години а со работа во полициската станица е вкупно 9 години.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да ги образложам причините поради кои советничката група нема да ја прифати оваа информација. Во информацијата е наведено дека безбедносната состојба е на задоволително ниво иако бројките во истата информација не го покажуваат тоа. Неверојатно е дека нема информација за неовластено користење на огнено оружје а таму каде што живеам секој ден има пукотници. Понатаму во информацијата е наведено дека нема питачење а питачење има на секој чекор. Во информацијата има лапсус од типот дека минатата 2017 година имало предвремени парламентарни избори а всушност имавме редовни локални избори. Од тие причини ние како советничка група нема да гласаме за прифаќање на оваа информација

Член на Совет - **Берат Весел** (коалиција предводена од СДСМ):

Бараме информација за настанот од 01.02.2018 година односно физичката пресметка во автобусот со линија бр.65, односно дали овој настан е расчистен, дали

има утвдена одговорност и каква е инволвираноста на синот на Претседателот на Советот на Општина Гази Баба ?.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Веќе неколку месеци полициската станица работи без командир, а ние за работа на седницата на Совет добиваме информација на која е потпишан г-дин Сашо Велковски во својство на командир на полициската станица. Советот на Општина Гази Баба упати барање до министерот за внатрешни работи - г-дин Оливер Спасовски, со кое баравме да се објасни која е улогата на г-дин Сашо Велковски во полициската станица Гази Баба. Согласно содржината наведена во одговорот од министерот за внатрешни работи од 30.03.2018 година јасно е наведено дека г-дин Сашо Велковски не е именуван за командир туку со посебна наредба е овластен да ги врши работите на местото командир. Согласно одредбите на член 154 став 4 од Законот за внатрешни работи извршувањето на задачите од ставот (2) на овој член, за кои е издадена наредбата, може да трае најмногу до 30 дена. Наредбата е издадена на 26.01.2018 година, што значи дека се поминати над 50 дена со што оваа наредба повеќе неважи.

(Во однос на информацијата предмет на расправа, во понатамошната дискусија, членот на Советот даде компаративна анализа на податоците во информацијата за втората половина од 2017 година со податоците од претходно усвоените информации за втората половина од 2015 и 2016 година, во однос на вкупното сторени кривични дела и прекршоци, односно поединечно за тешки кражби, оштетувања на туѓи предмети, физички напади, физички пресметки, питачења, вонредни обезбедувања со ангажман на службеници од ПС итн.). Во информацијата за втората половина од 2017 година нема податок за сквернавење на гробиштата во н.м Брњарци на ден 29.10.2017 година за кое навремено е поднесена пријава во ПС во 16,40 часот истот ден. Ниту е наведено во информацијата, ниту се пронајдени сторителите. На 28 ноември 2017 година грубо беше прекршен законот и беше лишен од слобода пратеник во Собранието на РМ и покрај тоа што се повикал на својот имунитет. Поднесена е претставка од ВМРО-ДПМНЕ до Народниот правобранител на РМ, кој по претходно прибавени информации од МВР, констатирал дека при приведувањето и лишувањето од слобода на пратениците е повредено правото на пратенички имунитет утврден со член 64 од Уставот на РМ и членовите 53 и 59 од Деловникот на Собранието на РМ, односно полициските службеници не се придржувале кон правните процедури од член 19 од Правилникот за вршење на полициски работи. Народниот правобранител на РМ констатирал и доставил препорака до министерот за внатрешни работи да се преиспита целокупната постапка, да се утврди одговорност и да се санкционираат прекршителите на правата на пратениците. Во информацијата воопшто не е наведен овој настан. Понатаму, во информацијата предмет на расправа е наведен ангажман на полициските службеници за време на спроведување на изборниот процес при спроведување на Локалните избори 2017 година. Полицијата нема спроведено никаква истрага по однос на пријавите поднесени од ВМРО-ДПМНЕ за прекршувања на изборниот молк (Локални избори 2017 година) од страна на СДСМ кога беа делени флаери и прехрамбени продукти како што тоа беше случај во н.м Булачани. Ниту е постапено ниту сме добиле одговор. Во информацијата нема никаков податок ниту дали е расчистен случајот со непосредни закани упатени кон дел од избраните советници за време на одржување на конститутивната седница на Советот на Општина Гази Баба, се со цел насила да се смени волјата на граѓаните. Немаме никава информација за постапката. Поради сето она што го наведов а имајќи впредвид дека за нас гласале околу 18.000 граѓани, неможеме да ја прифатиме оваа

информација предмет на расправа. За жал во РМ не владее правото и правната држава. Граѓаните ја дадоа довербата на новата власт за да се зголемат нивните права и нивната безбедност, а не да нема командир на ПС неколку месеци. Што се однесува до приведувањето на пратеникот, Ве уверувам дека ќе дојде време кога некој за овие постапки ќе понесе одговорност.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Сакам да му реплицирам на колегата Трајковски во еден дел од неговата дискусија иако со поголемиот дел од дикусијата се согласувам. Како е можно како советникот да не е задоволен од информацијата во делот каде е наведено дека имало 200 кражби а сега има 300 кражби (од аспект на поголем ангажман и ефикасност на полицијата). Ако во истиот период во 2016 година имало 200 кражби а сега има 300 или повеќе кражби, зголемена е ефикасноста на полицијата. Многу е важно од кој аспект ги гледаме работите.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега можеби за вас е подобро да има 1.000 убиства а полицијата да ги фати сторителите. За мене е поважно полицијата да делува превентивно, односно да се спречи а не отпосле да се постапува. Несигурноста и беспарицата растат а тоа го потврдуваат бројките наведени во информацијата.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Како член на комисијата за општествени дејности како работно тело надлежно да постапува по однос на поднесените информации за безбедноста предмет на расправа пред Советот на Општина Гази Баба, сакам да истакнам дека по однос на донесен заклучок на седницата на комисијата, беше поднесено барање до МВР на кое добивме одговор. Денес не е присутен т.н командир на ПС овластен со наредба со важност од 30 дена, период кој одамна е изминат. ПС нема командир. Во одговорот од ресорниот министер е објаснета постапката за избор на командир, согласно член 24 став 3 од Законот за полиција. До денес до Советот на Општина Гази Баба не е пристигнат ниту еден предлог за избор на командир на ПС. Во однос на податоците наведени во информацијата, претходните дискутанти поединечно ги образложија податоците, но мене посебно ми беше воочлив податокот дека за оддавање и уживање на наркотични дроги има само еден евидентиран, што е чудно. Постојано апелираме за враќање на позорникарската служба, луѓето да бидат барем малку комотни во своите домови. Секојдневно има уживатели во објектите на детските градинки. Небезбедни се патиштата има постојано сообраќајни незгоди. Во однос на дивата сеча ситуацијата е непроменета, ништо не е превземено и покрај укажувањата на месното население. Има зголемен број на кражби како по домовите така и во студенсткиот дом. Имам една идеја до Градоначалникот по однос на безбедноста. Наместо јавен повик за субвенционирање за набавка на печки на пелети, потребен е јавен повик за субвенционирање при купување на безбедносни решеки по домовите и објектите. Се надевам дека ќе биде информиран и Градоначалнкот за оваа идеја, од причина што моментално не е присутен на седницата на Советот. Мора да се делува пред се превентивно.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Се сложувам со дел од дискусијата на колегитеа Трајковски и Белчев во делот дека треба да се зголеми безбедноста и повторно да се воведе позорникарна служба и тука сакам да прашам дали ПС има стратегија во овој дел. Но не ми е јасен делот каде се напаѓа г-дин Сашо Велковски како да е тој виновен за податоците наведени во информацијата. Претходниот командир според мене од причини на намалена безбедност на подрачјето на општината сам си дал оставка на 25.01.2018 година. Оваа информација е за период кога сеуште командир бил г-дин Томче Петрушев. Треба да се разграничи периодот опфатен со информацијата.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колешке Бубало, мојата дискусија и дискусијата на колегите Трајковски и Белчев не се однесуваше на тоа кој е командир на ПС. Оваа информација се однесува на период кога ПС имала избран командир со одлука на Совет на општина Гази Баба. Сегашниот командир, всушност не е командир на ПС. Оваа информација требала да биде потпишана од претходниот командир а не од г-дин Сашо Велковски.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Јас не ве разбирам колега Најденовски. Предмет на расправа не е избор на командир на ПС туку информација за безбедноста на подрачјето на општината. Значи изборот на командир не е предмет на расправа.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Точно е дека за опфатениот период во информацијата, командир бил г-дин Томче Петрушев. Но во истиот период премиер бил г-дин Заев а министер за внатрешни работи - г-дин Спасовски. Ветивте живот - мрак дојде.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Добро е што колешката Бубало се сложува со дел од нашата дискусија, но не ми е јасно ако некој стапил на функција без разлика дали е со усна или писмена наредба, како е можно да потпише информација за безбедноста за период кога командир бил друго лице.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со оглед на тоа што и претходно бев советник, во однос на информациите кои се поднесуваат до Советот очигледно дека се прави само copy-paste посебно на првиот пасус. Јас незнам дали немате луѓе кои можат ова да го подготват. Исти зборови во секоја информација во претходните 5 години. Ништо не è сменето освен тоа што нивото безбедноста е еднаква на нула. Има многу технички грешки кои мораа претходно да се корегираат пред да се поднесе информацијата. Во парк шумата Гази Баба неможе да се прошета, од причина што има страв кај населението од зголемениот број на кучиња кои слободно шетаат низ парк шумата. Посебно е загрижувачки што во потегот каде е во изградба црквата има зголемен број на наркомани.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Не би додал повеќе, претходните колеги целосно ја опфатија информацијата која најверојатно ќе претрпе измени од причина што мнозинството во овој Совет се признесе како ќе гласа за оваа информација. Како советник кој повеќе од 30 години живеам во оваа општина, одговорно тврдам дека од 29 октомври 2017 година, безбедносната состојба е влошена, посебно во н.м М.А.Ченто. Луѓето не се безбедни, превземете мерки посебно ние советниците да бидеме безбедни. Јас како советник лично не се чувствувам безбедно во овој момент. Со инженеринг кој беше направен за време на одржување на изминатите избори, требаше да ни се набие страв и да бидеме во ситуација да неможеме понатаму да функционираме. Информацијата е сплет на статитистички податоци кои варираат. Но потребна е безбедност на секое можно институционално ниво.

Член на Совет - **Сашко Цветковски** (коалиција предводена од СДСМ):

Морам да реплицирам на говорот на колегата Трајковски каде истакна дека за време на одржување на локалните избори 2017 година во н.м Булачани се делело брашно. Тоа не е никаде наведено во информацијата. Го молам колегата доколку има докази за поткрепа на овие тврдења да ги достави до ПС се со цел да се превземат дејствија во насока на расчистување на тој случај. Јас искрен да бидам колегата Трајковски неможев ништо да го разберам во делот од говорот кој се однесуваше на безбедноста во општината, а говореше повеќе од 10 минути. Колегата говореше за правда, ако беше тоа случај немаше да го направи тоа што го направи пред Општина Центар. Јас ја подржувам оваа информација.

(Претседателот на Совет за момент го прекина говорот на советникот Цветковски со укажување дека се одалечува од точката предмет на расправа. Претседателот му укажа за последиците од изнесеното со оглед на тоа што се работи за судска постапка која е во тек)

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Претседателе, или ќе го почитуваме Деловникот или нема да работиме. Од тие причини барам пауза од половина час. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

**Давам пауза од половина час.**

**По паузата.**

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Почутуван колега Цветковски, жалам што не сме се разбрале и тоа е тешко, но бројките се тие. Што се однесува до судскиот процес за предметот поврзан со настаните во Општина Центар, и Вие и претходно колегите Тодосиев и Наумовска изигравате судии од оваа говорница, тоа е судски процес и крајот ќе покаже кој е во право. И на крајот, за да се разбереме треба да бидеме на исто интелектуално ниво.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Бројките во информацијата се тие и се работи за статистика споредбено со истиот период изминатата година. Јас би кажал една работа во насока на намалување на овие криминални дејанија. Ние со одлука имаме формирано Локален совет за превенција. За оваа работа бев и лично повикан во седиштето на ОБСЕ, од причина што функционирањето на овој совет е воспоставен европски стандард. Од формирањето досега не е свикан состанок на ЛСП. Согласно досегашното искуство тој секогаш се свикувал по одреден немил настан во насока на намалување на штетните последици а не превентивно за да не дојде до одреден настан и штетни последици. Ние делуваме полициски но не и по европски стандард. Апелирам до Градоначалникот кој не е тука да го свика ЛСП. Не è работа на полицијата да превенира кај малолетниците или во основните и средните училишта. Во ОБСЕ бев два пати и тие се многу сериозни во однос на функционирањето на ЛСП, односно сериозни се до тој степен што веќе имаат изготвено извештај дека ЛСП во општината не функционира. Неможе полицијата со возила да ги прати автобусите со средноошколци.Тоа се комунистички методи за кои за жал сметавме дека се минато, но не било така. Полицијата треба да биде неприметлива и тоа е европски стандард, но ЛСП теба да си ја заврши својата работа. Актуелниот Градоначалник на општината е последната генерација која била во школото во Кумровец, после е затворена. Градоначалникот за секој настан повикува полиција, најверојатно неговата политичка матрица е таква. За се да решава полицијата. Најлесно е сите родители да се казнат по 800 евра и само така ќе направиш ред во државата. Но тоа не го решава проблемот и ќе предизвика таков негативен ефект и ќе креира такви криминалци, од причина што ќе немаат пари да платат и ќе се зголеми криминалот. Помошник командирот тука не е присутен како одговорно лице од причина што безбедноста е нарушена. За нарушената безбедност сме одговорни сите ние а посебно ЛСП. 6 месеци да нема состанок на ЛСП вината е наша. Ако не го свика, тогаш од Европа ќе му кажат на Градоначалникот што треба да прави. Ние како Совет немаме информација зошто и кога претходниот комнадир на ПС дал оставка. Ние како Совет со одлука го избравме за командир и треба да имаме информација кои се причините поради кои претходниот командир дал оставка. Ние сега ќе имаме седница на ЛСП а треба да биде присутен командирот на ПС како член по функција, а командир немаме по закон!. Ние како советници сме должни на ова да укажеме на тешките последици кои можат да настанат по т.н командир на ПС затоа што не претставува некој кој не е тоа што треба да биде по закон. Имаме закон и треба само да се следи и ќе биде се во ред. Ако 1.500 возачи се стопирани, од кои 1.250 биле пијани, никаде нема информација колку има наркомани кои управуваат со моторно возило.Тие се многу поопасни од првите.

Помошник командир во ПС од ОН "Гази Баба" - Скопје - **Игор Ристов**:

Одговори на сите претходно поставени прашања од советниците.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

По однос на одговорот на помошник командирот во врска со лишување од слобода на пратеникот тоа не è точно. Член 19 од Правилникот за полициска работа е јасен (цитираше поединечни ставови од член 19). Не спомнавте ништо околу скрнавењето на гробиштата во н.м Брњарци, кршењето на изборниот молк, за наводите во медиуми за поткуп на гласачи, заканувањето кон советничката Злата Ташевска. Ова е уште еден доказ дека оваа информација не треба да се усвои.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Имаме информација потпишана од командир кој всушност не е командир. Командирот го избира Советот на општината во согласност со закон. Жалосно е што помошник командирот изјавува дека ПС немала информација за лишување од слобода на пратеник или дали се повикале или не на својот уставно загарантиран имунитет.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Помошник командирот е контрадикторен во делот од својот говор кој се однесуваше на постапката околу лишување од слобода на пратеникот, еднаш изјавува дека е постапено по наредба на ЈО а две реченици после изјавува дека тоа е организиран криминал. Кој сте вие да кажете дали нешто треба да се квалификува како организиран криминал !?

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Повикан бев конкретно од помошник командирот, па ред е да одговорам. Заканите ги чувствуваме постојано од 15 октомври 2017 година, не се работи за непознати сторители (Н.Н лица). Јас сум од поодамна активист на ВМРО-ДПМНЕ, но вакви избори не сум видел. За време на изборна кампања полициски службеници во функција на кампања на одредена политичка партија, тоа Вие треба да го истражите. Изборите завршија ВМРО-ДПМНЕ победи.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не** го донесе Предлог - Заклучокот за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица "Гази Баба" - Скопје, за втората половина од 2017 година, со **10 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.04.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје;

- Предлог - Одлука за отпочнување на постапка за воспоставување на видео надзор и обезбедување на видео записи од седниците на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот план за вработување на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје за 2019 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Барам информација од директорот на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје по која систематизација вработените се примени на работа, од причина што таму има вработена со завршени 3 факултети а работи како негувателка, во однос на други кои немаат дипломи. Значи по кој основ се вработуваат луѓето.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Се задолжува стручната служба да изготви писмено барање до директорот на установата. Се задолжува директорот на установата да достави писмен одговор.**

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседавачот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 24.04.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје;
- Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје; и
- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје.

Претседавачот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Александар Трајковски** изнесе сериозни забелешки во однос на начинот на кој се доставени предлозите од Совет на Град Скопје, односно за предлозите нема ниту кратка биографија, што е основна работа за да знаеме за кој профил на предлози за членови на управните одбори на установите треба да гласаме.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Се приклучувам кон забелешките на советникот и потребно да се укаже поголема почит кон советниците во Советот на Општина Гази Баба, а не да се однесуваат кон нас како избрани претставници на граѓаните како нешто неважно. Во иднина некомплетен материјал нема да биде ниту примен, ниту разгледан, ниту пак ќе се одлучува по истиот.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Претседателе мора да знаеме за кого гласаме, мора да се обратиме до Град Скопје, во иднина барем основни информации за предложените кандидати да има во прилог на донесената одлука.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Уверен сум дека претходно е реагирано до Град Скопје, но не е на одмет да ги потсетиме со еден допис.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прогласување на ерозивни подрачја и подрајча загрозени од ерозија во Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 24.04.2018 година.

Комисијата предлага на Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за прогласување на ерозивни подрачја и подрајча загрозени од ерозија во Општина Гази Баба; и
- Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Доколку има претставник од секторот за заштита на животната средина и природата, би сакал да ја образложи Предлог-Одлуката.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Предлог-Одлуката ќе ја образложи Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Се извинувам поради отсуството од почетокот на седницата поради неодложни службени обврски. Во врска со Предлог-Одлуката која ја имате добиено, опфат е комплетниот Скопски плански регион со посебен акцент на Скопска Црна Гора, настаните од 6 август 2016 година, мапираните точки од суводолиците, реките и речните корита и се до активности за уредување на речните корита, уништувањето на зелената маса и шума итн.. Ние сме прва општина од општините во Град Скопје кои ја носиме оваа Предлог-Одлука. Обврска врз основа на оваа Предлог-Одлука ќе има Владата на РМ , се со цел 6 август 2016 година да не се повтори. Во Акциониот план е потребно да се вклучат многу субјекти (МЗШВ, МЗЖСПП, АД Водостопанство на РМ, ЈП Македонски шуми, Општина Гази Баба и други) со сет на мерки во наредните 4 години. Приоритетно е ободниот канал над скопската обиколница за која техничката документација ќе се изготви оваа година. Во контакт сме со јапонски донатори и фондации кои сакаат финансиски да учествуваа во изградбата на истиот. Просторниот опфат е на територија на Град Скопје и има потреба Град Скопје и останатите општини да го пратат целиот процес со донесување на соодветни

одлуки. Потребна е поддршка и од Скопскиот плански регион се со цел да го подржи целиот процес, од причина што се засегнати сите скопски општини. Активностите и целокупниот сет на мерки ќе ги договараме заеднички.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Советничката група на коалицијата "За подобра Македонија" ќе даде поддршка и ќе гласа за оваа Предлог-Одлука. Добро е што се делува превентивно за во иднина да не дојде до несакани последици.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Како жител од населено место кое директно беше засегнато од поплавата, ја поздравувам оваа Предлог-Одлука. Како Совет и како советници ќе ја даваме сета неопходна поддршка во врска со имплементација на истата.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Даваме поддршка на целиот процес и го поттикнуваме Градоначалникот за реализација на вакви и слични проекти и во иднина кои се во интерес на граѓаните, ќе бидат подржувани.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Градоначалник се надевам дека сето ова нема да остане само на ниво на проект без реализација. Ова од причина што расправаме за можеби најважната точка предмет на расправа на оваа седница, се разбира без притоа да се намали значењето на останатите предложени точки. Но оваа точка е од суштествено значење за општината. Ако овој проект биде реализиран, општината ќе биде безбедна во следните 100 години и ќе биде белег на работата на овој состав на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прогласување на ерозивни подрачја и подрајча загрозени од ерозија во Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје, со **22 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.04.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година (со исправка на грешка);
- Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година;
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година; и
- Предлог - Програма за изменување на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го утврди Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година со исправка на грешка, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Барам појаснување од секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, дали и во кој дел ќе биде измената на ДУП, од причина што во дописот од иницијативниот одбор како прилог кон материјалот е наведено за што треба да се користи. Дали се работи конкретно само во делот на црквата и нејзините помошни објекти ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Опфатот е околу 9 хектари каде покрај делот кој се однесува на иницијативата на иницијативниот одбор, опфатот се однесува и на други пропратни активности - услуги, стоки, незагадувачка индустрија, спорт и рекреација.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ќе ја подржиме оваа Предлог-Програма се со цел да се оплемени и тој дел на општината во интерес на граѓаните.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Многу ми е мило што во еден неврзан разговор со Градоначалникот на моја и сугестија на Градоначалникот, во процес сме на реализација на овој проект. Се работи за единствено место во Град Скопје покрај езерото Треска, каде има езеро. Условите го дозволуваат тоа, има заобиколница, има верски објект и добро е тој простор на површина од 9 хектари да се развие во спомен на трагично загинатите.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Барам подетално образложение на Предлог-Програмата, односно зошто изменувањето се прави сега е не кога се носеше Програмата за 2018 година.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Кризниот центар Надеж е единствен на подрачјето на општината. Со оваа Предлог-Програма се префрлаат 50.000 денари се со цел да се подобрат условите за работа на овој кризен центар. Се работи за организација која извршува исклучително важна улога во насока на превенција од семејно и друг вид на насилство.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Потребно е стручната служба во иднина да изготвува извештај барем квартално за тоа каде точно се употребуваат средствата за да имаме преглед на одобреното и потрошеното.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Освен извештаи кои се нормална работа да ги добиеме, прашањето и главен проблем колега Белчев е што на комисиите не присутвуваат овластените претставници (стручната служба) на предлагачот на материјалите (Градоначалникот) за да го образложат материјалот предмет на расправа. Мала препорака до службите на општината да видат колкав зафат ќе имаат од планираните средства, за да можеме да разговараме за искористување на овие средства. Да не се доведеме во ситуација на крајот на годината да ни останат неискористени средства. Добро е пред работата на комисиите да бидеме известени во оваа насока. Мислам дека тоа не е тешко да се стори. Потребно е навремено да биде известен и секторот за финансиски прашања за овие работи, за да можат и комисите на Советот навремено да бидат информирани за планираните и реализирани активности.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Постапките и принципите за донесување на Буџетот за 2019 година се утврдени во Буџетски календар. Советот навремено ги добива кварталните извештаи за реалиација на Буџетот на општината во тековната година. Што се однесува до претстојниот планиран ребаланс на Буџетот тој ќе се носи по повеќе основи. По основ на реализација на средства од управување со градежно земјиште, средства за кои сме конкурирале и кои се одобрени за реализација на проекти итн.. Советот ќе биде пред предизвик за прв пат да усвои ребаланс по нагорна линија. Советникот Кутлешовски знае дека очекувањата можат да бидат и околу 1.500.000.000 денари па ќе биде можно да имаме и втор ребаланс на Буџетот. Доколку се завршат и основните проекти можно е дел од планираните активности и проекти за 2019 година да отпочнат со реализација и оваа година.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за отпочнување на постапка за воспоставување на видео надзор и обезбедување на видео записи од седниците на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Како што образложив на седницата на комисијата, целта на донесување на оваа Предлог-Одлука е да се отпочне со постапка за воспоставување на видео надзор и обезбедување на видео записи од седниците на Советот на Општина Гази Баба, во координација на секторите во општинската администрација. Треба да се направи анализа за потребните трошоци и сметаме дека ова е потребно пред се од аспект на безбедноста на советниците, администрацијата и останатите присутни за време на одржување на седниците. Граѓаните би имале точна претстава за тоа како работат избраните советници и начинот на кој одредена одлука се донесува. Затоа е добро да има видео надзор, да имаме видео снимки, секоја советничка група да

добива CD и сметаме дека е исчекор кој веќе го имаат сторено одредени општини и Град Скопје. Затоа повикуваме оваа Предог-Одлука да се донесе, за да видиме дали ќе има можност во оваа тековна година да се воведе или тоа би се сторило во наредната година. Во таа насока можеме да направиме исчекор и во делот на овозможување на говор на советник од место, односно да не мора да излегува на говорница.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Предлогот за мене како Градоначалник е прифатлив во насока на пратење и воведување на нови технолошки решенија, нешто што е прифатено и имплементирано во светот. Треба да се задолжи администрацијата да се провери колку сето тоа би чинело и која од опциите би биле прифатливи. Понатаму, делот на јавните набавки, да видиме во тендерската доокументација што би требало да биде предвидено, прибирање на понуди итн. Општина Гази Баба заслужува да ги следи иновациите.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Да се надоврзам на дискусијата. Добро е да се воведе видео надзор и од аспект на тоа да видат граѓаните кого гласале да ги претставува во Советот. Да видат дали некој советник за 4 години не побарал ниту еднаш збор. Од тој аспект е добро.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Би сакал да го прашам колегата Трајковски од каде би обезбедиле средства во Буџетот на општината за воспоставување на видео надзор од седниците на Советот на Општина Гази Баба ? Ова е од аспект на тоа што сеуште е во сила заклучокот со кој се запираат градежните активности.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ние Предлог-Одлуката ја добивме на седницата на комисијата, на седницата беше донесен и заклучок стручната служба да се обрати до МЗЖСПП. На следната седница на Совет ќе се донесе Предлог-Одлуката за изменување на заклучокот. Истото се однесува и на Предлог-Правилата за кој сте известени дека воопшто не се доставени до тручната служба.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Јас не прифаќам одговор дека стручната служба не примила материјал. Правилата заедно ги направивме и усогласивме. Зошто не се добиени од стручната служба е техничко прашање. Зарем е Градоначалникот е виновен што стручната служба не го добила материјалот !?.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Градоначалник, во врска со Правилата не бевте повикан Вие туку прашањето беше упатено до советникот, а не до вас. Правилата беа усогласени и требаше да се достават до стручната служба. Во врска со заклучокот, ние немавме никаква намера да се запре со градење. Зарем и Градоначалникот на Центар не сака да се гради и

да се полни буџетот на општината. Ние како Совет далеку од тоа дека сакаме одредена одлука да дојде до Уставен суд. Ние бевме иницијатори за донесување на нови Правила. Требало да се достават до службата за да се подели материјалот.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Треба да разговараме за точката предмет на расправа а не да разговараме за правилата или за заштита на амбиенталниот воздух. Вие Претседателе морате да внимавате на ова во согласност со Деловникот.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Одговори на процедуралната забелешка на советникот.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Се сложувам со колегата Тодосиев дека треба да се почитува Деловникот. Треба да се разговара за точката предмет на расправа.

Член на Совет - **Ивица Петровски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ве молам да се придржуваме до точката предмет на расправа а не сите ние како народни избраници да слушаме лични работи на советниците. Од тој аспект и Вие Претседателе и ние треба да се придржуваме до Деловникот, за да не се доведеме во ситуација овие седници да траат до недоглед.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за отпочнување на постапка за воспоставување на видео надзор и обезбедување на видео записи од седниците на Советот на Општина Гази Баба, со **21 глас "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Деветтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во 16 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**